РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Е Л А Б О Р А Т

ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА

Хемија
Втор циклус на студии
Едногодишни студии

ИНСТИТУЦИЈА ПРЕДЛАГАЧ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Природно-математички факултет

Скопје, 2022 ГОДИНА

СОДРЖИНА НА ЕЛАБОРАТОТ

Табела за структура на елаборатот

Реден број	Наслов/поднаслов	Проверка
1.	ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНЕСУВАЧОТ НА БАРАЊЕТО	
2.1.	ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВАЊЕТО НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТ	
2.2.	ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВАЊЕТО НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА БАРАТЕЛ НА АКРЕДИТАЦИЈА	
3.	СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА	
4.	ДЕЈНОСТ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА СПОРЕД ФРАСКАТИЕВАТА КЛАСИФИКАЦИЈА	
5.	ОРГАН НА ЗАСТАПУВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА	
6.	ПРАВНА ОСНОВА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ	
1.	Карта на високообразовната установа	
2.	Основни податоци за студиската програма за која се бара акредитација/повторна акредитација	
3.	Цел и оправданост за воведување на студиската програма	
4.	Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за даденото кадровско профилирање	
5.	Општи дескриптори на квалификации за втор циклус на едногодишни студии со 60 ектс, студиска програма Хемија, Природно-математички факултет / Институт за хемија, при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно со уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации	
5.1.	Општи дескриптори на квалификации за втор циклус на едногодишни студии со 60 ектс, Хемија, Природно-математички факултет / Институт за хемија, при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно со уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации	
5.2.	Специфични дескриптори на квалификации за втор циклус на едногодишни студии со 60 ектс, Хемија, Природно-математички факултет / Институт за хемија, при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно со уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации	
6.	Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни факултетски и универзитетски предмети и дефиниран начин на избор на предметите	
7.	Список на наставен кадар со податоци наведени во прилог бр.4	
8.	Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма Хемија, организирана на Природно-математички факултет / Институт за хемија, при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје	
9.	Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма Хемија, на Природно-математички факултет / Институт за хемија, при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје	
10.	Информација за бројот на студентите (првпат запишани) на студиската програма во периодот од последнат акредитација	
11.	Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература	
12.	Информација за веб-страница	
13.	Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата	
14.	Резултати од изведената самоевалуација во согласност со Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуациските постапки на универзитетите, донесено од Агенцијата за евалуација на високото образование во Република Македонија и од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија (Скопје-Битола, септември 2002)	

15.	Усогласеност на формалното образование и истражувачкото искуство на наставниците со специфичноста на студиската програма, односно со профилот и квалификацијата на наставно-научниот кадар	
16.	Соодветност на структурата и содржината на циклусот на студиите со општите и специфичните дескриптори	
17.	Усогласеност на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма	
18.	Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции	
	Документи	
1.	Одлука за усвојување на студиската програма од наставно-научниот совет/ научниот совет	
2.	Одлука за усвојување на студиската програма од универзитетскиот сенат	
3.	Мислење од одборот за соработка и доверба со јавноста	
4.	Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување настава по одредени предмети од студиската програма	
5.	Согласност на универзитетскиот сенат за учество на наставникот во реализација на студиска програма во друга високообразовна установа	
6.	Согласност на наставно-научниот/научниот совет за учество на наставникот во реализација на студиска програма на друга единица на универзитетот	
	Прилози	
Прилог бр. 3	Содржина на предметните програми	
Прилог бр. 4	Податоци за наставниците што изведуваат настава на студиска програма од прв, втор и трет циклус на студии и за ментори на докторски трудови	
Прилог бр. 5	Податоци за наставниците што можат да бидат ментори на магистерски труд на втор циклус на студии на студиската програма Хемија	
Прилог бр. 6	Додаток на диплома	
Прилог бр. 7	Статут на вискообразовната установа (на уким и на единицата) – линк до веб страниците Извештај од последна самоевалуација (на уким и на единицата) – линк до веб страниците	
Прилог бр. 8	Копија од решението за акредитација на високообразовната установа издадено од одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија	
Прилог бр. 9	Договори за закуп	
Прилог бр. 10	Копија од решението за исполнување на условите за почеток со работа на студиската програма, издадено од Министерството за образобание и наука на Република Северна Македонија	

√	Прва акредитација
	Повторна акредитација

1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНЕСУВАЧОТ НА БАРАЊЕТО

Назив на високообразовната установа

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“во Скопје, Природно-математички факултет

Адреса / Седиште

ул. „Архимедова“ бр.3 – Скопје

ЕМС	Матичен број
6462618	6462618
Телефон	Факс
02 3249-806	02 3228-141
Електронска пошта	Веб-страница на установата
pmf@pmf.ukim.mk	https://www.pmf.ukim.edu.mk/

2.1 ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТ

Назив на основачот	Собрание на Република Македонија
Назив на актот за основање	Закон на Универзитетот во Скопје
Број и датум на актот за основање	Бр. 4/1949 Службен весник на Народна Република Македонија

Промени во основачките права (називи на првиот основач и на правните следбеници на оснивачот)	/
Број и датум на Решението за исполнување на условите за почеток со работа и дејноста издадено од Министерството за образование и наука на РСМ	/
Број и датум на Решението за акредитација на високообразовната установа издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РСМ	/
Број и датум на Решението за упис на високобразовната установа во Централниот регистар	/

2.2 ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВАЊЕТО НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА БАРАТЕЛ НА АКРЕДИТАЦИЈА

Назив на основачот	Собрание на НР Македонија
Назив на актот за основање	Решение на Владата на НР Македонија
Број и датум на актот за основање	29.11.1946

Промени во основачките права (називи на првиот основач и на правните следбеници на оснивачот)	/
Број и датум на Решението за исполнетоста на условите за почеток со работа и дејноста издадено од Министерството за образование и наука на РСМ	Бр. 338 од 18.06.1946

Број и датум на Решението за акредитација на високообразовната установа издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РСМ.	
Број и датум на Решението за упис на високобразовната установа во Централниот регистар	0807-9/7492/1 од 13.3.2009

3. СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

X	Државна		Приватна		Мешовита

4. ДЕЈНОСТ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА СПОРЕД ФРАСКАТИЕВАТА КЛАСИФИКАЦИЈА

а) Научно подрачје (научноистражувачко поле од прво ниво)	Природно-математички (1), општествени (5), хуманистички (6) науки

б) Научно поле (научноистражувачко поле од второ ниво)	Сите полиња од научно подрачје 1 Од научното подрачје 5 (501, 502, 514) Од научното подрачје 6 (610)

в) Научна област	Сите области од горенаведените научни полиња

5. ОРГАН НА ЗАСТАПУВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

Име и презиме, функција (ректор/декан/директор)

Проф. д-р Александар Скепаровски, декан

Датум и акт на именување

Одлука за потврдување на избор на декан бр. 02-132/3 од 29.1.2021 година донесена на 7 седница на Универзитетскиот сенат на УКИМ

Контакт телефон	Е-пошта
071672403; 071236280	dekan@pmf.ukim.mk

Лице за контакт

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
Проф. д-р Наташа Ристовска	070291894	natasa@pmf.ukim.mk

Датум: М.П Овластено лице

6. ПРАВНА ОСНОВА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ

1. Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 82/2018);
2. Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност (Службен весник на Република Македонија, бр. 103/10); Класификација на научните подрачја, полиња и области според Мегународната фраскатиева класификација;
3. Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и за други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 151/12);
4. Правилник за задолжителните компоненти што треба да ги поседуваат студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии (Службен весник на Република Македонија, бр. 25/11);
5. Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовите установи и на академскиот кадар во Република Македонија (Службен весник на Република Македонија, бр. 67/13);
6. Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации (Службен весник на Република Македонија бр. 154/2010);
7. Правилник за содржината и формата на дипломата, на упатството за изготвување додаток на дипломата и на другите јавни исправи (Службен весник на Република Македонија бр. 84/09);
8. Закон за воената академија (Службен весник на Република Македонија бр.83/2009);
9. Правилник за поблиските критериуми и надлежноста на одборите за соработка и доверба со јавноста (Службен весник на Република Македонија бр. 148/13);
10. Правилник за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите (Службен весник на Република Македонија бр. 71/09 и 120/10);
11. Правилник за условите што треба да ги исполнува истакнатиот стручњак од практиката од соодветната област за изведување клиничка настава (Службен весник на Република Македонија бр. 71/09 и 120/10);
12. Закон за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина (Службен весник на Република Македонија бр. 16/13);
13. Закон за признавање на професионалните квалификации (Службен весник на Република Македонија бр. 171/10);
14. Правилник за начинот и постапката за водење на базата на податоци за високообразовната дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 65/13);
15. Закон за научно-истражувачката дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 46/08, 103/08, 24/11 и 80/12);
16. Закон за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15);
17. Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Универзитетски гласник бр. 425 од 28.6.2019);
18. Решение за акредитација на високообразовната установа издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија и
19. Други акти.

Список на задолжителни компоненти што треба да ги поседуваат студиските програми

1. Карта на високообразовната установа

Назив на високообразовната установа	Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје Природно-математички факултет - Скопје		
Седиште	Ул. Архимедова, бр. 3, 1000 Скопје		
Интернет страница	http://www.pmf.ukim.edu.mk/		
Вид на високообразовната установа	Јавна високообразовна установа		
Податоци за основачот (на приватна високообразовна установа	Собрание на Република Северна Македонија		
Податоци за последната акредитација	**Назив на студиската програма ПРВ ЦИКЛУС**	**Решение од одбор за акредитација**	**Решение за почеток со работа од МОН**
	БИОЛОГИЈА		
	Биохемија и физиологија	1409-529/5 од 26.7.2018	Уп 1 бр. 14-2243 од 18.1.2019г
	Екологија и животна средина	08-169/6 од 6.6.2022	08-839/4 од 30.8.2022
	Молекуларна биологија со генетика	1409-529/6 од 26.7.2018	Уп 1 бр. 14-2243 од 18.1.2019г
	Биологија - наставни кадри за средното обр.)	1409-529/15 од 15.4.2019	УП1 14-98/2 од 4.7.2019
	Нутриционизам	08-168/10 од 9.9.2022	08-916/4 од 27.9.2022
	ГЕОГРАФИЈА		
	Наставна географија	08-87/6 од 22.7.2021	08-665/4 од 27.8.2021
	Географски информациски системи	08-88/6 од 22.7.2021г.	08-662/4 од 27.8.2021
	Демографија	08-89/6 од 22.7.2021	08-664/4 од 27.8.2021
	Туризам	1409-156/3 од 19.3.2018	УП1бр.14 од 30.8.2018
	Физичка географија со геоекологија	08-90/6 од 22.7.2021	08-663/4 од 27.8.2021
	ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА		
	Етнологија и антропологија	08-1158/7 од 21.10.2022	14-2270 од 17.11.2017
	Менаџмент и заштита на културно наследство	1409-389/4 од 24.9.2020	08-495/4 од 28.5.2021
	МАТЕМАТИКА		
	Наставна математика	08-246/6 од 5.8.2022	08-830/4 од 30.8.2022
	Теориска математика	08-245/4 од 5.8.2022	08-827/4 од 30.8.2022
	Актуарска и финансиска математика	08-2446/ од 5.8.2022г.	08-831/4 од 30.8.2022

Применета математика	08-243/6 од 5.8.2022	08-829/4 од 30.8.2022
Математика -информатика	08-247/6 од 9.9.2022	08-912/4 од 27.9.2022
ДВОПРЕДМЕТНИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ		
Биологија-хемија	17-529/7 од 23.03.2017	УП1 14-853 од 08.05.2017
Математика-физика	1409-186/2 од 10.7.2018	УП1бр.14-1613 од 30.8.2018
ФИЗИКА		
Наставна физика	08-236/6 од 9.9.2022	08-914/4 од 27.9.2022
Теориска физика	08-1196/6 од 28.6.2022г	08-731/4 од 4.8.2022
Применета физика	08-166/6 од 9.9.2022г.	08-915/4 од 27.9.2022
Геофизика и метеорологија	08-167/6 од 6.6.2022г.	08-624/4 од 7.7.2022
Астрономија и астрофизика	08-1197/6 од 6.6.2022г.	08-623/4 од 7.7.2022
Медицинска физика	08-1198/8 од 9.9.2022	08-913/4 од 27.9.2022
Физика на компјутерски хардвер	12-299,300,301,302, 303,304/1 од 28.11.2012	13-9101/4 од 14.8.2013
Форензичка физика	12-305/2 од 13.3.2013	13-7583/4 од 20.5.2013
Физика на сончева енергија	12-305/3 од 13.3.2013	13-7583/4 од 20.5.2013
ХЕМИЈА		
Наставна хемија	08-242/6 од 9.9.2022	08-917/4 од 27.9.2022
Применета хемија	08-241/6 од 9.9.2022	08-918/4 од 27.9.2022
Применета хемија – аналитичка биохемија	08-240/7 од 21.10.2022	УП1 14-98/2 од 4.7.2019
Назив на студиската програма ВТОР ЦИКЛУС	**Решение од одбор за акредитација**	**Решение за почеток со работа од МОН**
БИОЛОГИЈА		
Биохемија и физиологија	1409-62/7 од 13.12.2017	УП 1 бр. 14-582 од 22.3.2018г.
Едукација во наставата по биологија	1409-62/2 од 13.12.2017	УП 1 бр. 14-550 од 30.3.2018г.
Екологија и биосистематика, модул екологија	1409-62/3 од 13.12.2017	УП 1 бр. 14-550 од 30.3.2018г.
Екологија и биосистематика, модул биосистематика	1409-62/4 од 13.12.2017	УП 1 бр. 14-550 од 30.3.2018г.
Молекуларна биологија и генетика, модул молекуларна биологија	1409-62/5 од 13.12.2017	УП 1 бр. 14-550 од 30.3.2018г.

	Молекуларна биологија и генетика, модул генетика	1409-62/6 од 13.12.2017	УП 1 бр. 14-582 од 22.3.2018г.
	Форензичка биологија	08-170/6 од 6.6.2022	08-684/4 од 13.7.2022
	Биологија-микробиологија	1409-62/9 од 26.7.2018	УП 1 бр.14-2149 од 18.1.2019г.
	ГЕОГРАФИЈА		
	Географски информациски системи	12-222/2 од 09.02.2015	14-610 од 09.04.2015
	Туризам двегодишни	1409-362/13 од 11.12.2020	08-334/4 од 25.3.2022
	Туризам едногодишни	1409-362/12 од 11.12.2020	08-333/4 од 25.3.2022
	Демографија	12-139/2 од 23.02.2016	УП 1 14-3420 од 17.1.2017
	Географија	1409-271/2 од 26.7.2018	УП 1 бр. 14-2243 од 18.1.2019
	Картографија и географски информациски системи	1409-272/2 од 26.7.2018	УП 1 бр. 14-2243 од 18.1.2019
	Просторно планирање	08-345/4 од 12.5.2021 г.	08-534/4 од 29.6.2021
	ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА		
	Етнологија и антропологија	17-530/2 од 16.10.2018	УП 1 бр. 14-2873 од 18.1.2019г.
	МАТЕМАТИКА		
	Математички науки и примени	1409-276/2 од 10.7.2018	УП1бр.14-1613 од 30.8.2018
	Применета математика-математичко моделирање и оптимизација	1409-276/2 од 10.7.2018	УП1бр.14-1613 од 30.8.2018
	Применета математика-математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија	1409-276/2 од 10.7.2018	УП1бр.14-1613 од 30.8.2018
	Математичко образование во основно и средно училиште	1409-276/2 од 10.7.2018	УП1бр.14-1613 од 30.8.2018
	ХЕМИЈА		
	Наставна хемија	17 -33/4 од 21.03.2017	УП1 14-853 од 8.05.2017
	Применета хемија	17 -33/2 од 21.03.2017	УП1 14-853 од 8.05.2017
	Применета хемија - аналитичка биохемија	17 -33/3 од 21.03.2017	УП1 14-853 од 8.05.2017
	ФИЗИКА		
	Применета физика	08-112/6 од 10.9.2021г.	08-887/4 од 18.10.2021
	Теориска физика	08-116/6 од 10.9.2021г.	08-885/4 од 18.10.2021

	Метеорологија	12-79/8 од 25.2.2016	14-661 од 2.9.2016
	Геофизика	12-79/11 од 25.2.2016	14-661 од 2.9.2016
	Астрономија и астрофизика	08-113/6 од 10.9.2021г.	08-884/4 од 18.10.2021
	Физика-сончева енергија	08-115/6 од 10.9.2021г.	08-886/4 од 18.10.2021
	Методика на наставата по физика	08-114/6 од 10.9.2021г.	08-888/4 од 18.10.2021
	Медицинска физика	08-117/6 од 10.9.2021г.	08-889/4 од 18.10.2021
	Физика за компјутерски хардвер	12-79/5 од 25.2.2016	14-661 од 2.9.2016
	Назив на студиската програма ТРЕТ ЦИКЛУС	**Решение од одбор за акредитација**	**Решение за почеток со работа од МОН**
	БИОЛОГИЈА		
	Биологија -биохемија и физиологија	08-223/6 од 28.9.2021	40-12173/1 од 7.12.2021
	Биологија-екологија	08-222/4 од 9.7.2021	40-9878/1 од 21.9.2021г.
	Биологија -таксономија	08-224/4 од 9.7.2021	40-9917/1 од 21.9.2021г.
	Биологија-молекуларна биологија	08-221/6 од 28.9.2021	40-12174/1 од 7.12.2021
	ГЕОГРАФИЈА		
	Географија	1409-273/2 од 27.7.2018	УП 1 бр. 14-2245 од 18.1.2019г.
	ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА		
	Етнологија и антропологија	1409-443/2 од 7.2.2019	УП 1 бр. 14-3577 од 3.5.2019г
	МАТЕМАТИКА		
	Математички науки и примени	1409-80/2 од 16.10.2018г	УП 1 бр. 14-2835 од 18.1.2019г.
	ФИЗИКА		
	Физика	08-298/6 од 18.8.2021	40-9899/1 од 21.9.2021г.
	ХЕМИЈА		
	Хемија	08-157/4 од 9.7.2021	40-9910/1 од 21.9.2021г.
Студиски и научно-истражувачки подрачја за кои е добиена акредитација	Природно-математичко, техничко-технолошко, општествено, хуманистичко		

Единици во состав на високообразовната установа	1. Институт за биологија, 2. Институт за географија, 3. Институт за етнологија и антропологија, 4. Институт за математика, 5. Институт за физика, 6. Институт за хемија и 7. Сеизмолошка опсерваторија
Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста со воведување на нови студиски програми	**ПРВ ЦИКЛУС** **Студиски програми по биологија** Биологија (за наставен кадар во средно образование) Биохемија и физиологија Екологија и животна средина Молекуларна биологија со генетика Нутриционизам **Студиски програми по географија** Наставна географија Географски информациски системи Демографија Туризам Физичка географија со геоекологија **Студиска програма по етнологија и антроплогија** Етнологија и антропологија Менаџмент и заштита на културно наследство **Студиски програми по информатика** (4-годишни студии) Информатичко образование Компјутерски науки Информациски системи Програмско инженерство Компјутерски архитектури и мрежи **Студиски програми по информатички технологии** (3-годишни студии) Интернет и мобилни технологии Администрирање на компјутерски мрежи **Студиски програми по математика** Наставна математика Теориска математика Математичка економија Математичко програмирање Актуарска и финансиска математика Применета математика Математика-информатика **Студиски програми по физика** Наставна физика Теориска физика Применета физика Геофизика и метеорологија Астрономија и астрофизика Медицинска физика Физика на компјутерски хардвер Форензичка физика Физика на сончева енергија **Студиски програми по хемија** Наставна хемија Применета хемија Применета хемија – Аналитичка биохемија Применета хемија – Хемија на животната средина **Двопредметни студии** Биологија-хемија

	Математика-физика **ВТОР ЦИКЛУС** **Студиски програми по биологија** Биохемија и физиологија Едукација во наставата по биологија Екологија и биосистематика, модул екологија Екологија и биосистематика, модул биосистематика Молекуларна биологија и генетика, модул молекуларна биологија Молекуларна биологија и генетика, модул генетика Форензичка биологија Биологија-микробиологија **Студиски програми по географија** Картографија и географски информациски системи Демографија Туризам двегодишни Туризам едногодишни Просторно планирање **Студиска програма по етнологија и антроплогија** Етнологија и антропологија **Студиски програми по математика** Математички науки и примена Математичко образование во основно и средно училиште Применета математика -математичко моделирање и оптимизација Применета математика-математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија **Студиски програми по физика** Применета физика, Теориска физика, Медицинска физика, Геофизика, Метеорологија, Астрономија и астрофизика Сончева енергија Методика на наставата по физика Физика за компјутерски хардвер **Студиски програми по хемија** Наставна хемија Применета хемија Применета хемија - Аналитичка биохемија **ТРЕТ ЦИКЛУС** **Студии по биологија** Биохемија и физиологија Екологија Таксономија Молекуларна биологија **Студии по географија** Географија **Студии по етнологија и антропологија** Етнологија и антропологија **Студии по математика** Математички науки и примени **Студии по физика** Физика **Студии по хемија** Хемија

Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите	Размената на студентите се изведува преку следниве програми: - Erasmus+ Акција 1 (Индивидуална мобилност за студенти) - преку УКИМ - програмата CEEPUS (Central European Exchange Program for University Studies), - фондацијата DAAD, - фондацијата Alexander von Humbpoldt - фондацијата Fulbright - IAESTE организација за размена на студенти. Покрај тоа, се одвива и размена на студенти преку канцеларијата на фракофонските земји за организација на семинари за докторски студии. Факултетот има склучено повеќе од 100 меморандуми/договори за соработка со различни компании и академски институции од земјата и од странство, што е правна база за реализација на различни видови размени на студенти.
Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност	-вкупна површина (во m^2) 19.375 m^2 (нето површина) -вкупен број лаборатории 116 со вкупна површина од 5.169,67 m^2 -вкупен број кабинети 156 со површина од 2.777,07 m^2 -вкупен број предавални 27 предавални + 6 амфитеатри со површина од 2.560,74 m^2 -површина по запишен студент m^2 2.23 m^2 -вкупна површина на опитни станици $м^2$ 5.169,67 m^2 -други простории: простории за академскиот кадар и други вработени
Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност	краток опис на опремата: • три атомски апсорпциони спектрометри; инфрацрвени инструменти (FT интерферометар и класичен спектрофотометар); Микро-раман спектрометар; ултравиолетови/видливи спектрофотометри; гасен хроматограф; гасен хроматограф со масен детектор; течен хроматограф (HPLC); течен хроматограф со масен детектор; два електрохемиски инструменти (потенциостат/галваностат); два мобилни, микропотенциостати (погодни за работа со студенти); 2D-електрофореграм • пламенфотометар; неколку рефрактометри; кондуктометри; поголем број pH-метри; аналитички ваги; сушари; печки за жарење; центрифуги; апаратура за добивање дестилирана вода; • Апаратура за X-зраци Leybold; Осцилоскоп Voltcraft 630; Мултиметар Voltcraft 401; Мултиметар CHY 21; Мултиметар OGSM 61; Мултиметар OGSM 61; Стабилизиран исправувач Voltcraft TNG 30; Стабилизиран исправувач PS-302-A; абилизиран исправувач Iskra MA 4165; Функциски генератор Iskra MA 3733; Реглер трансформатор Iskra; Дигитален мултиметар HP 34401A; Дигитален мултиметар, рачен MY 68; Стробоскоп MA13900; Луксметар PLM-3; Ехоскоп Lehfeldt; Демонстрационен осцилоскоп ED-2; RC Генератор Iskra 3605; Дигитален мултиметар HP 34401A; LCR метар HP 3284 A; Систем мултиметар HP 3458 A; Пикоамперметар HP 4140 Б; Микроскоп МЦ80 ЗЕИСС; Тест Печка WTC Binder; Ќелија за диелектрични константи на течности; Ќелија за диелектрични константи на тврди тела; Прецизен потенциометар Dieselhorst T2334; Мултифлекс галванометар T6441; Вестонова стандардна ќелија 3500/БД; Луксметар PU 150; Амперметар Х&Б; Стилоскоп Hilger; Спектроскоп со фотометарски клин; Дифракционен монохроматор IL-780; Дигитален радиометар; Спектрофотометар UNICAM PYE SPF 300; Спектрофотометарот SPF – 300; Спектропроектор – од фирмата FUESS – Германија; Интегрална сфера – INS 250; Микрофотометар; Дигестор за добивање на филмови со метод на спреј – пиролиза, електродепозиција и хемиска депозиција; Дигестор за подготовка на супстрати; Апаратура за добивање на филмови со вакуумско напарување; Апаратура за добивање на филмови со магнетрон; Апаратура за мерење на термичката ширина на

	забранетата зона; Елипсометар; Комплетна опрема за high-purity Ge (HPGe - детектор); Комплетна опрема за мерење на γ-зрачење; Комплетна опрема за мерење со сцинтилоскопски детектор; Комплетна опрема за мерење на X-зрачење; Опрема за детекција на неутронски флукс; Опрема за дозиметрија на јонизирачки зрачења; Скенирачки електронски микроскоп; • ПЦ компјутери (400 работни станици); 25 сервери; Проектори; Мрежна опрема; Преносни компјутери • Опрема за видео коференција • Мрежни уреди за складирање • Мултумедијална опрема, аудио опрема • Друга опрема
Број на студенти за кој е добиена акредитација	За ПРВ ЦИКЛУС (Вкупно на ПМФ) редовни: 1014; со кофинансирање 364; вонредни: 82 За ВТОР ЦИКЛУС (Вкупно на ПМФ) 111
Број на студенти (прв пат запишани)	ЗА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ: Прв пат во прва година 313 редовни, 21 вонреден ЗА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ: 35
Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања	Вкупно/ наставници според звањето
	- редовни професори - 83 - вонредни професори – 19+ 4 насловни вонредни - доценти - 11 + 2 насловни доценти
	Одделно/ наставници по Институти
	- Институт за биологија – 30 + 1 насловни доцент - Институт за географија – 15 - Институт за етнологија и антропологија – 7+1насловен доцент - Институт за математика – 17 - Институт за физика – 21 + 1 насловен вонреден професор + 1 насловен доцент - Институт за хемија – 18 + 3 насловни вонредни професори - Сеизмолошка опсераваторија – 3 - Студии по информатика 2
Број на лица во соработнички звања	- асистенти – 18
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за математика /	**Податоци за учебната 2018/2019 година:**
	МАТЕМАТИКА
	Редовни студенти I година: 29 II година: 35 III година: 25 IV година: 74
	МАТЕМАТИКА-ИНФОРМАТИКА
	Редовни студенти I година: 2 II година: 2 III година: 1 IV година: 8
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за математика и Институт за физика/	ДВОПРЕДМЕТНИ СТУДИИ (МАТЕМАТИКА-ФИЗИКА)
	Редовни студенти I година: 6 II година: 0 III година: 2 IV година: 4
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИМ): **10,44**
	ФИЗИКА

Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за физика	**Редовни студенти** I година: 33 II година: 23 III година: 16 IV година: 42	
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИФ): **5,43**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за хемија	ХЕМИЈА	
	Редовни студенти I година: 57 II година: 54 III година: 40 IV година: 82	
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИХ): **11,65**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за биологија	БИОЛОГИЈА	
	Редовни студенти I година: 125 II година: 57 III година: 52 IV година: 232	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за биологија и Институт за хемија	ДВОПРЕДМЕТНИ СТУДИИ (БИОЛОГИЈА-ХЕМИЈА)	
	Редовни студенти I година: 6 II година: / III година: 2 IV година: 5	
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИБ): **15,45**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за географија	ГЕОГРАФИЈА	
	Редовни студенти I година: 61 II година: 65 III година: 63 IV година: 150	
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИГ): **28,25**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за етнологија и антропологија	ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА	
	Редовни студенти I година: 7 II година: 4 III година: 3 IV година: 33	
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИЕА): **7,83**	
Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите	Мониторинг и контрола на квалитетот на студиите на ПМФ се обезбедува на повеќе нивоа. На поодделните институти организација на студиите и нивна контрола спроведуваат раководителите на институтите и координаторите на заводите. На Факултетот постои комисија за студентски молби и барања и наставна комисија. Покрај тоа, за квалитетот на студиите се грижат деканот и продеканот за настава. По завршувањето на секој семестар, раководителите на институтите спроведуваат анонимна студентска анкета, а таква анкета спроведува и продеканот за настава на крајот на секоја учебна година. Некои наставници	

	спроведуваат анкети за своите предмети. Покрај тоа, факултетот спроведува и самоевелуација, а спроведувана е и надворешна евалуација.
Фреквенција на самоевалуациониот процес (секоја година, на две години, на три години)	Согласно Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член 307 самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу 3 години. Самоевалуациониот процес се врши врз основа на Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, донесено од Универзитетскиот сенат (9 седница/30.04.2013).
Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата	Последната надворешна евалуација на Факултетот е спроведена во 2014/15 година во рамките на надворешната евалуацијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а од Агенцијата за евалуација на високото образование на Република Македонија, надворешна евалуација на ПМФ е спроведена во 2004 год.
Други податоци кои установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност	Природно-математичкиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е водечка академска институција според мериторни критериуми за евалуација засновани на бројноста на објавени научни трудови во земјата и во странство. Околу 30% од сите публикации во списанија со фактор на влијание објавени од автори од Македонија, припаѓаат на трудовите објавени од научниот кадар на Природно-математичкиот факултет-Скопје. Според анализата направена во 2018 година врз основа на базата SCOPUS, научниот кадар на Факултетот објавил повеќе од 2200 публикации цитирани од оваа база (која е една од најрелевантните бази за анализа на научната публицистика). Покрај тоа, Факултетот е носител на меѓународни проектни активности поддржани од престижни фондации како што е „Александар фон Хумболт“ фондацијата, програмата за наука на НАТО алијансата, итн. Во програмата на Универзитетот за избор на најдобри научници, ПМФ има свои претставници во секоја година од извештајниот период. Покрај тоа, дел од научниот кадар на Факултетот е носител на меѓународни награди, награди на Универзитетот, како што се наградата „Св. Кирил и Методиј“ и плакети за заслуги итн.

2. Основни податоци за студиската програма за која се бара акредитација/повторна акредитација

1	Назив на студиската програма	Хемија
2	Назив на единица на Универзитетот	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
3	Научно подрачје (Фраскатиева класификација)	Природно-математички науки (1)
4	Научно поле и научна, стручна или уметничка област (Фраскатиева класификација)	Научно поле: Хемија (107) Научни области: Хемија Физичка хемија Аналитичка хемија Биохемија Неорганска хемија Органска хемија Наставна хемија
5	Вид на студии	Втор циклус (магистерски студии)
6	Оптовареност на студиската програма изразена во ЕКТС-кредити	Академски студии со 60 ЕКТС
7	Степен или ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите според Националната рамка на квалификации	VII-A
8	Академски или стручен назив(профил) со кој се стекнува студентот по завршувањето на студиската програма	Магистер по хемиски науки
9	Академски или стручен назив на англиски јазик што студентот го добива по завршувањето на студиската програма	Master of Science in Chemistry
10	Времетраење на студиите (во студиски години)	Едногодишни академски студии (2 семестри)
11	Учебна година во којашто ќе започне реализацијата на студиската програма	2023/24
12	Број на студенти што се планира да се запишат на студиската програма	30
13	Јазик на кој ќе се изведува наставата	Македонски
14	Дали студиската програма се поднесува за акредитација или за повторна акредитација	Акредитација на студиска програма
15	Начин на финансирање на предложената студиска програма	На студиската програма се запишуваат студенти кои самите ги покриваат трошоците за студирање.
16	Услови за запишување на студиската програма (посебно за редовните, за вонредните и за странските студенти)	Условите и критериумите за запишување на студентите на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ ги пропишува Ректоратот на Универзитетот во согласност со законските прописи и препораките на Министерството за образование и наука. На вториот циклус од студиите по хемија може да се запишуваат кандидати кои завршиле на сите студиски програми по хемија, студии по физика, студии по биологија на насоките биохемиско-физиолошка и молекуларна биологија, студии по фармација и студии по технологија и металургија, како и други сродни науки по претходна согласност од страна на Стручниот совет на Институтот за хемија.

		За запишување на вториот циклус на студии по хемија, студентот мора да има освоено 240 кредити од претходниот студиум (од прв циклус на студии) со просечен успех најмалку 7,50. За запишување на втор циклус студии по хемија, кандидатот мора да поседува писмена согласност од менторот. Студентите на втор циклус студии може да се запишат како редовни и/или вонредни студенти доколку се вработени. Школарината за студиите за сите студенти изнесува 1500 Eur во денарска противвредност.
17	Информација за продолжување на образованието	Студиската програма дава можност за натамошна континуирана едукација на повисоко ниво т.е. докторски студии по хемија.

3. Цел и оправданост за воведување на студиската програма

Студиската програма по хемија на вториот циклус студии не е нова. Таа постои уште од самото воведување на постдипломски студии по хемија, иако во текот на овие неколку децении претрпела многу промени. Постојат голем број кадри со титула „магистер по хемиски науки“, а некои од нив по завршувањето на магистериумот продолжиле со изработка на докторат по хемиски науки.

Наставата на последипломските студии на Институтот за хемија се јавува како резултат на сè поразвиената научноистражувачка работа. Во учебната 1973/74 год. се организираат постдипломски студии по неорганска и аналитичка хемија, по органска хемија и по молекулска спектроскопија. Во рамките на последипломските студии, насоките за неорганска и аналитичка хемија се разделени, а организирани се и студии по електрохемија.

Во 2003 година, направени се промени во наставните планови на постдипломските студии. Тие се организирани така што постојат задолжителни предмети и широка листа на изборни предмети, а вториот циклус на студиите по хемија се реализира во три модули; применета хемија, наставна хемија и применета хемија – аналитичка биохемија. Во 2009, 2012 и 2017 година, направени се измени во наставните планови на постдипломските студии, поради нивно прилагодување со промените во Законот за високо образование, како и нивно осовременување, модернизација и прилагодување со студиските програми што постојат на универзитетите во земјите од Европската унија. Впрочем и во земјите од Европската унија, ревизии и реформи на студиските програми се прават на секои 4-5 години, со цел да се согледаат искуствата и да се подобри квалитетот на наставата.

Во последниве неколку децении сведоци сме на брзиот техничко-технолошки развој на светот, кој се должи на големиот научен напредок, пред сè на природните науки, меѓу кои и хемијата. Поради исклучително динамичниот развој на хемијата како наука, но и на методско-дидактичките дисциплини, неопходно е постојано ревидирање и модернизирање на овие студии не само во првиот циклус, туку и во вториот. Постојано се воведуваат нови методи и техники за анализа на различни супстанци и материјали, а сè поизразено е и барањето за воведување на стандардни методи за анализа и акредитација на лаборатории. Во светот постојано се воведуваат нови хемиски методи и техники за анализа на биолошки материјали, како и за синтези на нови супстанци кои би се користеле како реагенси во биохемиските анализи, или, пак, со потенцијални фармаколошки својства. Сè повеќе се согледува потребата од примена на нови методи и техники за пренесување и усвојување на знаењето, особено од областа на природните науки, па затоа, освен на стручните предмети, се става голем акцент и на педагошките и методско-дидактичките дисциплини.

Институтот за хемија, како една од водечките наставно-научни институции во државата, продуцира високо специјализирани кадри од различни области од хемијата кои ќе бидат креативни и ќе можат да одговорат на поставените задачи на работните места во индустријата, здравството и образованието. Преку изборните предмети на втор циклус на студии за студиската програма Хемија се овозможува тесно профилирање на овие кадри од различни области од хемијата.

Наставната дејност на Институтот за хемија, постојано се осовременува, модернизира и прилагодува кон студиските програми на универзитетите во земјите од Европската унија и земјите од нашето опкружување. Содржините на наставните предмети континуирано се надополнуваат со најнови научни сознанија и се предлагаат нови наставни предмети. Со студиската програма на втор циклус студии Хемија ќе се образуваат високо специјализирани кадри, магистри по хемија. Овие кадри ќе можат да развиваат хемиски, аналитички методи за анализи на разнородни проби, супстанци и нови материјали за индустријата, фармацијата и медицината, имплементираат и развиваат различни методи за анализа и синтеза за потребите на лабораториите каде што тие се вработени (или би се вработиле), како и да ги имплементираат новите методи на учење и поучување, да воведуваат нови, соодветни методи, техники и технологии на учење, како и да ги обучуваат колегите за потребите на развојот на наставата по хемија во средните и основните училишта во државата.

Имајќи го предвид погоре кажаното, во елаборатот за акредитација на втор циклус студии Хемија што овде го предлагаме, внесени се измени во однос на постоечките студиски програми по применета хемија, аналитичка биохемија и наставна хемија во насока на нивно подобрување и рационализирање. Измените се во согласност со правните основи за изготвување на Елаборатот. Така, некои од постоечките предмети се дополнети со нови, современи содржини, а предложени се и нови наставни предмети. Студентите ќе имаат можност да избираат 3 изборни предмети, а во вториот семестар ќе биде организиран мастер семинар на кој пред комисија од областа ќе ги изнесат резултатите од истражувањето што ќе овозможи дефинирање на целите на магистерката работа. Од друга страна, акредитацијата на само една студиска програма на втор циклус студии Хемија која ги обединува досегашните студиски програми по применета хемија, аналитичка биохемија и наставна хемија е тесно поврзана со бројот на наставници кои се вклучени во реализиацијата на наставата, кој е видно намален од последната акредитација поради пензионирањето на поголем број професори и кадровската политика во изминатата деценија кога на Институтот за хемија не се реализираа вработувања на млад соработнички кадар.

4. Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за даденото кадровско профилирање

Институтот за хемија, како една од единиците на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", се стреми да привлече и едуцира високомотивирани специјализирани кадри. Овие студии имаат за цел дипломираните инженери по хемија (дипломиран инженер по хемија - применета хемија, дипломиран инженер по хемија - аналитичка биохемија) и дипломираните професори по хемија да се здобијат со повисоки стручни квалификации. Изучувањето на изборните предмети на оваа студиска програма на втор циклус Хемија им овозможува на студентите кои ќе се стекнат со титулата магистер по хемиски науки да бидат оспособени:

- Да избираат, применуваат и развиваат нови, модерни методи за хемиска анализа на различни супстанци.
- Да применуваат и развиваат нови, модерни биохемиски аналитички методи.
- Да развиваат методи за синтези на различни супстанци.
- Да развиваат методи за синтези на различни супстанци значајни во биохемијата.
- Да планираат и менаџираат специјализирани хемиски лаборатории.
- Да планираат и менаџираат специјализирани биохемиски лаборатории.
- Примена и развој на нови, модерни методи и техники за учење и поучување во наставата по хемија.
- Развој на експериментални дидактички методи во наставата по хемија.

- Примена и развој на соодветни методи за следење и проверка на знаењето по хемија.
- Планирање и менаџирање на наставниот процес по хемија.
- Итн.

Студиската програма Хемија на втор циклус е креирана врз основа на програмите на водечките институции од Европа и барањата на стопанството и образованието во Република Северна Македонија. Со изучување на предметите од оваа студиска програма стручно се усовршуваат кадри со развиени способности за логично и аналитичко размислување кои умеат да ги применат основите законитости и принципи на хемиските дисциплини и владеат со лабораториски вештини и умеења. Овој профилиран кадар е оспособен за примена на знаењата и вештините за решавање на различни хемиски проблеми во конкретни ситуации од областа на хемијата на животната средина, биоелектрохемијата, хемијата на храна, структурната хемија, молекулската спектроскопија, нанохемијата, квантната и теориската хемија, од областа на органската хемија, биохемијата и сродните дисциплини, како и да применуваат современи техники и технологии во образованието. Овие кадри можат да се вработуваат во хемиските, биохемиските и клинички лаборатории, како што се контролните и развојните лаборатории во индустријата, јавните институции како и лабораториите во академски и научноистражувачки институции, во образованието и др.

Институтот за хемија, како најреномиран хемиски институт во Република Северна Македонија целосно ги исполнува потребните услови за квалитетно функционирање и реализирање на студиската програма. Според податоците од јавен карактер објавени на интернет страниците на Државниот завод за статистика, https://www.stat.gov.mk/, и на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, https://av.gov.mk/godishni-izveshtai.nspx, во 2021 година звањето магистер го стекнале 1727 лица, од кои 0,2 % се магистри по хемиски науки.

Приближно 14 % од невработените лица имаат VII-A степен на образование, а ниту еден невработен не е магистер по хемиски науки, што се предлага во овој елаборат. Министерството за образование го има увидено недостигот на ваков кадар, заради што се доделуваат стипендии за студентите кои студираат на прв и втор циклус студии по хемија. За студентите на втор циклус Хемија се обезбедуваат стипендии и од компании со кои Институтот за хемија негува долгогодишна соработка. ОКТА во континуитет доделува стипендија во износ на школарината за втор циклус студии на еден до двајца студенти годишно, Џонсон Мети преку проектна активност овозможува подобрување на условите за работа во студентска лабораторија на Институтот за хемија, додека Алкалоид овозможува студентите да се стекнат со искуство во современо опремена лабораторија за практиканти.

5. Општи дескриптори на квалификации за втор циклус на едногодишни студии со 60 ЕКТС, студиска програма ХЕМИЈА, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации		Високо образование	Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации
VII	A	Втор циклус на едногодишни академски студии со 60 ЕКТС	7

Квалификации што означуваат успешно завршување на вториот циклус на студии (60/120 ЕКТС) му се доделуваат на лице што ги исполнува условите според следните дескриптори на квалификациите:

5.1. Општи дескриптори на квалификации за втор циклус на едногодишни студии со 60 ЕКТС, студиска програма Хемија, Природно-математички факултет / Институт за хемија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Тип на дескриптор	Опис
Знаење и разбирање	1. Покажува знаење и разбирање, кое се надоградува на знаењето од прв циклус студии, применувајќи го научниот метод за решавање на сложени проблеми од разни области во хемијата. 2. Ја разбира хемиската природа на проблемите што треба да се решат и ги разбира постапките кои треба да се применат за решавање на проблемите. 3. Знае да ги толкува резултатите добиени од истражувањата.
Примена на знаењето и разбирањето	1. Стекнатото знаење и разбирање го применува во новонастанати ситуации во својата работа и во практиката. 2. Со стекнатото знаење и разбирање, способен е да го применува научниот метод за решавање на нови проблеми. 3. Способен е да осмисли истражување, критички да размислува и да носи заклучоци.
Способност за проценка	1. Критички се однесува кон изворите на информации и литературата. 2. Покажува способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини за поставување на нови методи базирани врз научна основа. 3. Демонстрира способност за изведување заклучоци (или мислења) преку процес на набљудување и следење на процесите во хемиската лабораторија и индустрија, како и преку различни физичко-хемиски мерења.
Комуникациски вештини	1. Покажува способност за ефективна комуникација со претпоставените и со колегите на работното место. Работи ефикасно како член на работниот колектив, се карактеризира со доверливост, ненаметливо однесување и критичко размислување. 2. Ги разбира и почитува културните разлики, покажува способност за адаптација кон лица со различно потекло и различни способности и начини (стилови) на комуникација, како и почит кон другите воопшто. 3. Иницира комуникација со колегите на работното место, бизнис-партнерите, ефективно управува со времето, покажува разбирање за однесувањето на другите и има вештини за слушање.

Вештини за учење	1. Демонстрира совладани вештини за учење – концентрација, читање, слушање, меморирање, следење на литература од примарни, секундарни, како и терциерни извори на информации. 2. Ефективно го планира и користи времето. 3. Демонстрира способност за критичко оценување на идеите, генерира свои идеи и ги проценува, ефикасно ги користи размислувањата за решавање како на секојдневните проблеми со кои се среќава на работното место, така и на проблемите кои произлегуваат од научноистражувачката работа.

5.2. Специфични дескриптори на квалификации за втор циклус на едногодишни студии со 60 ЕКТС, студиска програма Хемија, на Природно-математички Факултет, Институт за хемија, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Тип на дескриптор	Опис
Знаење и разбирање	1. Демонстрира знаење на хемиските принципи, хемиската терминологија, како и други знаења неопходни во секојдневната пракса во хемиските лаборатории, погони, како и истражувачките центри. 2. Владее со лабораториски вештини и умеења. 3. Покажува способност за развој на современи методи за хемиска анализа на различни супстанци. 4. Покажува способност за развој на нови методи за синтеза на различни супстанци. 5. Покажува способност за воведување и примена на стандардни хемиски и биохемиски методи и контола на квалитет во лаборатории за тестирање.
Примена на знаењето и разбирањето	1. Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата. 2. Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми од областа на хемијата на животната средина, биоелектрохемијата, хемијата на храна, структурната хемија, молекулската спектроскопија, нанохемијата, квантната и теориската хемија, од областа на органската хемија и сродните дисциплини во хемиските лаборатории, како што се контролните и развојните лаборатории во индустријата, јавните институции како и лабораториите во академски и научноистражувачки институции и др.
Способност за проценка	1. Демонстрира способност за изведување на заклучоци преку процес на набљудување и следење на процесите во хемиската лабораторија и индустрија, како и преку различни физичко-хемиски мерења. 2. Ја проценува целисходноста и применливоста на современите методи за хемиска анализа на различни супстанци според потребите. 3. Демонстрира способност за проценка на целисходноста и полезноста на различните методи за синтеза на одредени супстанци според потребите.
Комуникациски вештини	1. Способност за тимска работа и за активна соработка внатре во групата, преку споделување одговорности и задачи. 2. Способност за комуникација со широката јавност, надлежните институции (министерства, јавни институции, истражувачки центри, образовни институции). 3. Способност за јасно и недвосмислено презентирање заклучоци, факти и резултати од истражувања, пред стручната јавност, како и способност за прилагодување на стилот и формата на изразување пред нестручната јавност. 4. Преземање значајна одговорност како за индивидуалните, така и за колективните резултати, иницирање и водење на активности.
Вештини за учење	1. Преземање иницијатива за идентификување на потребите за учење за понатамошно професионално унапредување, со висок степен на самостојност во одлучувањето.

	2. Редовно следење на најновите европски/светски достигнувања во областите на директна примена на хемијата, но и во научните текови од областа на хемијата, преку семинари, интензивни курсеви, конференции, обуки, тренинзи итн.

6. Утврден соодност помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни факултетски и универзитетски предмети и дефиниран начин на избор на предметите.

СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ХЕМИЈА

Структурата на студиската програма „Хемија“ е подготвена согласно со член 139 од Законот за високото образование. Наставата на вториот циклус на студии по хемија трае една година (два семестра) со вкупно 60 ЕКТС кредити. Сите предмети се едносеместрални, поделени на задолжителни и изборни. Задолжителните предмети му овозможуваат на студентот да стекне општи и генерички знаења во хемијата и научноистражувачката работа, како и специфични и напредни знаења во хемијата во врска со магистерската работа. Кандидатот заедно со менторот[1] избира 3 предмети од листата на изборни предмети, со вкупно 18 ЕКТС кредити (30 % од вкупниот број на ЕКТС кредити). Изборот се смета за конечен откако ќе го потврди Стручниот колегиум на втор циклус студии на Инстиутот за хемија. Студиите од вториот циклус се организирани преку предавања, консултации (групни и индивидуални), вежби (лабораториски и теоретски), семинарски работи, проектни задачи, домашна работа и самостојна изработка на магистерска работа.

Кандидатот може да пријави изработка на магистерската работа, доколку ги има положено испитите по сите задолжителни и избрани предмети, како и позитивно оценета семинарска работа презентирана на мастер семинарот. Неопходен услов за дозвола за одбрана на магистерската работа е најмалку еден презентиран или објавен труд во врска со предметот на истражување на магистерската работа, каде кандидатот е прв автор или автор за кореспонденција.

Темата за магистерската работа ја одобрува Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, на предлог на Стручниот совет на Институтот за хемија. По доставувањето на изработената магистерска работа и добиената позитивна оценка од Рецензентската комисија прифатена од Наставно-научниот совет согласно законските прописи, кандидатот може да пристапи кон нејзина одбрана.

По завршување на едногодишните студии на втор циклус студиска програма Хемија, со остварени 60 ЕКТС се добива стручен назив магистер по хемиски науки. Во зависност од избраните предмети и нивната обоеност, во додатокот на диплома е наведена потесната област во која студентот се профилирал и тоа:

- Применета хемија – студентите се оспособени за работа во различни индустриски, контолни и развојни лаборатории. Применувајќи го научниот метод, оспособени се за решавање на комплексни проблеми од областа на неорганската, органската, физичка и аналитичка хемија, да учествуваат во поставување на експериментите, да ги анализираат и интерпретираат добиените резултати, да применуваат современи аналитички методи и да воведуваат модерни органски синтези во препаративните лаборатории.
- Аналитичка биохемија – студентите се оспособени за развој на современи аналитички, инструментални и биохемиски методи, нивна практична примена при анализта на реални примероци во биоаналитиката, форензиката, нанотехнологијата, како и обработка и

[1] Студентот може да избере најмногу 3 предмети за кои наставата ќе се реализира кај менторот.

моделирање на добиените аналитички резултати и податоци.

- Наставна хемија – студентите се оспособени за примена и развој на современи техники на учење и поучување, за развој на соодветни методи за следење и проверка на знаењето по хемија. како и за воведување и развој на современи експериментални дидактички методи во наставата по хемија.

Табела 6.1. Распоред на предметите по семестри и студиски години за академски студии (АС)

Реден број	Код на предметот	Назив на наставниот предмет	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС
				П	В	
ПРВА ГОДИНА						
1.	ХЕМ-901-23	Методологија на научноистражувачка работа (задолжителен предмет 1)	I	3	2	6
2.		Задолжителен предмет 2 за стекнување општи и генерички знаења во хемијата *	I	3	2	6
3.		Задолжителен предмет 3 за стекнување на специфични и напредни знаења во хемијата **	I	3	2	6
4.		Изборен предмет 1	I	3	2	6
5.		Изборен предмет 2	I	3	2	6
6.		Изборен предмет 3	II	3	2	6
7.	ХЕМ-904-23	Мастер семинар (задолжителна активност 4)	II	0	4	4
		Магистерска работа (задолжителен предмет 5)	II	0	20	20
Вкупно часови (предавања/вежби) и број на ЕКТС-кредити во прва студиската година				18	40	60

*Задолжителен предмет 2: Студентот избира еден од понудените предмети за стекнување општи и генерички знаења во хемијата

Реден број	Код	Назив на предметот	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС	Единица
				П	В		
1.	ХЕМ-902-23	Обработка на податоци во хемијата	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
2.	ХЕМ-903-23	Систем за квалитет во хемиска лабораторија за тестирање	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија

**Задолжителен предмет 3: Студентот избира еден од понудените предмети за стекнување на специфични и напредни знаења во хемијата во врска со магистерската работа.

Реден број	Код	Назив на предметот	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС	Единица
				П	В		
1.	ХЕМ-911-23	Современи електроаналитички методи	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
2.	ХЕМ-912-23	Хроматографски методи	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
3.	ХЕМ-913-23	Современи синтези во органската хемија	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
4.	ХЕМ-914-23	Методи на молекулската спектроскопија – теорија и примена	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
5.	ХЕМ-915-23	Современи хемиски методи во експерименталната биохемија	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
6.	ХЕМ-916-23	Методи и техники за објективна проверка на знаењето во хемија	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
7.	ХЕМ-918-23	Современи теориски методи во хемијата	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
8.	ХЕМ-921-23	Перовскити	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
9.	ХЕМ-922-23	Спектроскопски и радиохемиски аналитички методи	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
10.	ХЕМ-923-23	Изолација и идентификација на метаболити од растително и животинско потекло	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
11.	ХЕМ-924-23	Дифракциони методи за испитување на кристали	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
12.	ХЕМ-928-23	Електрохромизам и електрохромни материјали	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
13.	ХЕМ-931-23	Микроскопија со скенирачка сонда	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
14.	ХЕМ-934-23	Рефлексиона спектроскопија	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
15.	ХЕМ-938-23	Хемија на површини и разделни површини	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
16.	ХЕМ-941-23	Примена на ултравиолетова и видлива спектроскопија	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
17.	ХЕМ-944-23	Квантна хемија	I	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија

Табела 6.2. Изборни наставни предмети на студиската програма

Вид на изборен наставен предмет	Број
Наставни предмети од Листата на изборни предмети предложена од единицата	29
Наставни предмети од Универзитетската листа на изборни предмети	/

Реден број	Код	Назив на предметот	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС	Единица
				П	В		
1.	ХЕМ-951-23	Бионеорганска хемија	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
2.	ХЕМ-952-23	Фитохемиски анализи	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
3.	ХЕМ-953-23	Молекуларно моделирање во органската хемија и биохемијата	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
4.	ХЕМ-954-23	Хемиски примени на груповата теорија	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
5.	ХЕМ-955-23	Пречистување и изолација на протеини за протеомика	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
6.	ХЕМ-956-23	Конструктивистичко учење во хемијата	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
7.	ХЕМ-957-23	Анализа на органски загадувачи	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
8.	ХЕМ-958-23	Структура-активност релации на биоактивни молекули	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
9.	ХЕМ-961-23	Паметни материјали	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
10.	ХЕМ-962-23	Аналитички мерења и неодреденост	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
11.	ХЕМ-963-23	Хетероциклична хемија со хемија на природни производи	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
12.	ХЕМ-966-23	Техники и технологии на учење	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
13.	ХЕМ-967-23	Анализа на траги	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
14.	ХЕМ-968-23	Протеин-лиганд интеракции	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
15.	ХЕМ-969-23	Наука за површините	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
16.	ХЕМ-971-23	Координациона хемија	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
17.	ХЕМ-972-23	Анализа на дроги	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
18.	ХЕМ-973-23	Органска стереохемија	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
19.	ХЕМ-976-23	Експериментирање во наставата по хемија	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
20.	ХЕМ-978-23	Теоретска и применета органометална хемија	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија

21.	ХЕМ-979-23	Експерименти од наука за материјалите	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
22.	ХЕМ-981-23	Биоелектрохемија	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
23.	ХЕМ-982-23	Хемометрија	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
24.	ХЕМ-983-23	Анализа на петрохемиски производи	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
25.	ХЕМ-988-23	Хемија на опасни материи	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
26.	ХЕМ-991-23	Деривативна UV/Vis спектрофотометрија	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
27.	ХЕМ-993-23	Дизајн и синтеза на биолошки активни аналози на природни производи	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
28.	ФИЗ-951-23	Физика на цврста состојба	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
29.	КБХ-955-23	Современи клиничко-биохемиски лабораториски методи	I,II	3	2	6	ПМФ, Институт за хемија
			Вкупно 29 предмет:	**87**	**58**	**174**	

Студентите на втор циклус студии по хемија можат како изборен предмет да изберат и некој од предметите предложени како Задолжителен предмет 2, односно Задолжителен предмет 3, кои имаат еднаков број на ЕКТС кредити како и изборните предмети.

Табела 6.3. Преглед на застапеност на задолжителните и на изборните предмети на студиската програма Хемија

Година	Број на задолжителни предмети	Број на изборни предмети	Вкупно предмети
Прва година	5	3	8
Вкупно	5	3	8
% застапеност	76%	24%	100%

Табела 6.4. Преглед на процентуалната застапеност на задолжителните и изборните предмети

Траење на студиите (години)/ вкупен број на ЕКТС-кредити на студиската програма	Вкупна оптовареност изразена преку ЕКТС-кредити		Оптоварност за задолжителните предмети изразена преку ЕКТС-кредити		Оптоварност за изборните предмети изразена преку ЕКТС-кредити	
	А Вкупен број на ЕКТС-кредити од наставните предмети	А1 Процентуална застапеност на ЕКТС-кредити од наставните предмети на студиската програма	Б Вкупен број на ЕКТС-кредити од задолжителните наставни предмети	Б1 Процентуална застапеност на ЕКТС-кредити од задолжителните наставни предмети во однос на вкупниот број на ЕКТС-кредити на студиската програма	В Вкупен број на ЕКТС-кредити од изборните наставни предмети	В1 Процентуална застапеност на ЕКТС-кредити од изборните наставни предмети во однос на вкупниот број на ЕКТС-кредити на студиската програма
1 година	60 ЕКТС	100%	42	70%	18	30%

7. Список на наставен кадар со податоци наведени во Прилог бр.4

Табела 7.1. Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во редовен работен однос со полно работно време на единицата каде што се реализира студиската програма

	Име и презиме на наставникот	Звање и научна област во кои е избран	Научна област на којашто докторирал	Институција каде што работи во редовен работен однос	Предмети што ги предава	Вкупен број на предмети по семестри	
						зимски	летен
1.	Проф.д-р Виктор Стефов	Редовен професор, Физичка хемија (10701)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Методи на молекулската спектроскопија Современи теориски методи во хемијата Хемиски примени на груповата теорија	2	1
2.	Проф. д-р Слоботка Алексовска	Редовен професор, Хемија (10700) Неорганска хемија (10705) Друго (10714)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Методологија на научноистражувачка работа Методи и техники за објективна проверка на знаењето во хемија Перовскити Координациона хемија Конструктивистичко учење во хемијата Техники и технологии на учење	3	3
3.	Проф.д-р Валентин Мирчески	Редовен професор, Хемија (10700) Неорганска хемија (10705)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Современи електроаналитички методи Биоелектрохемија	1	1
4.	Проф.д-р Емил Поповски	Редовен професор, Органска хемија (10706) Биохемија (10703)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Современи синтези во органската хемија Хетероциклична хемија со хемија на природни производи Органска стереохемија Дизајн и синтеза на биолошки активни аналози на природни производи	2	2
5.	Проф.д-р Методија Најдоски	Редовен професор, Хемија (10700) Неорганска хемија (10705)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Електрохромизам и електрохромни материјали Експерименти од наука за материјалите Експериментирање во наставата по хемија Хемија на опасни материи	2	2
6.	Проф. д-р Љупчо Пејов	Редовен професор,	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Обработка на податоци во хемијата Современи теориски методи во хемијата	3	2

		Физичка хемија (10701)			Квантна хемија Молекуларно моделирање во органската хемија и биохемијата Теоретска и применета органометална хемија		
7.	Проф. д-р Марина Стефова	Редовен професор, Аналитичка хемија (10702) Друго (10714)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Методологија на научноистражувачка работа Хроматографски методи Методи и техники за објективна проверка на знаењето во хемија Анализа на траги Анализа на дроги Техники и технологии на учење	3	3
8.	Проф. д-р Владимир Ивановски	Редовен професор, Физичка хемија (10701)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Рефлексиона спектроскопија Хемија на површини и разделни површини	1	1
9.	Проф. д-р Игор Кузмановски	Редовен професор, Аналитичка хемија (10702)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Спектроскопски и радиохемиски аналитички методи Структура-активност релации на биоактивни молекули Протеин-лиганд интеракции Хемометрија	2	2
10.	Проф. д-р Горан Стојковиќ	Редовен професор, Хемија (10700) Неорганска хемија (10705)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Систем за квалитет во хемиска лабораторија за тестирање Примена на ултравиолетова и видлива спектроскопија Деривативна UV/Vis спектрофотометрија	2	1
11.	Проф. д-р Биљана Пејова	Редовен професор, Хемија (10700) Неорганска хемија (10705)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Микроскопија со скенирачка сонда Бионеорганска хемија Наука за површините	2	1
12.	Проф.д-р Петре Макрески	Редовен професор, Физичка хемија (10701)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Дифракциони методи за испитување на кристали	0	1
13.	Проф. д-р Јане Богданов	Редовен професор, Органска хемија (10706) Биохемија (10703)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Современи синтези во органската хемија Изолација и идентификација на метаболити од растително и животинско потекло	3	3

					Органска стереохемија Анализа на петрохемиски производи Дизајн и синтеза на биолошки активни аналози на природни производи Теоретска и применета органометална хемија		
14.	Проф. д-р Наташа Ристовска	Вонреден професор, Органска хемија (10706) Биохемија (10703)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Современи синтези во органската хемија Современи хемиски методи во експерименталната биохемија Органска стереохемија Дизајн и синтеза на биолошки активни аналози на природни производи Пречистување и изолација на протеини за протеомика	2	3
15.	Проф. д-р Сандра Димитровска-Лазова	Вонреден професор, Хемија (10700) Неорганска хемија (10705)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Перовскити Паметни материјали	1	1
16.	Проф. д-р Јасмина Петреска Станоева	Вонреден професор, Аналитичк а хемија (10702)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ	Хроматографски методи Фитохемиски анализи Аналитички мерења и неодреденост Анализа на органски загадувачи	2	2
17.	Проф. д-р Миха Буклески	Вонреден професор, Физичка хемија (10701)	Хемија (10700)	ПМФ, УКИМ		0	0
18.	Проф. д-р Ненад Новковски	Редовен професор, Физика на кондензира ната материја	Физика	ПМФ, УКИМ	Физика на цврста состојба	0	1

Табела 7.2. Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во редовен работен однос со полно работно време од други единици на Универзитетот, ангажирани на единицата каде што се реализира студиската програма

	Име и презиме на наставникот	Звање и научна област во кои е избран	Научна област на којашто докторирал	Институција каде што работи во редовен работен однос	Предмети што ги предава	Вкупен број на предмети по семестри	
						зимски	летен
1.	Проф. д-р Дејан Трајков	Редовен професор, Имунологија	Медицински науки - имунологија	Медицински факултет, УКИМ	Современи клиничко-биохемиски лабораториски методи	0	1
2.							
3.							
4.							
5.							
6.							

Табела 7.3. Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во работен однос во друга високообразовна установа или институција, ангажирани на единицата каде што се реализира студиската програма

	Име и презиме на наставникот	Звање и научна област во кои е избран	Научна област на којашто докторирал	Институција каде што работи во редовен работен однос	Предмети што ги предава	Вкупен број на предмети по семестри		Работен однос
						зимски	летен	
1.	/							
2.								

8. Податоци за просторот предвиден за реализација на Студиската програма ХЕМИЈА, организирана на Природно-математичкиот факултет / Институт за хемија

Табела 8.1. Список и површина на простории во високообразовната установа што ќе се користат за реализација на студиската програма

	Вид и намена на просторот	Број	Број на места	Површина (m^2)
1	Амфитеатар, изведување на наставата	1	227	270
2	Предавална, изведување на наставата	1	72	64
3	Предавална, изведување на наставата	1	72	60,06
4	Предавална, изведување на наставата	1	108	84,48
5	Предавална-лабораторија за училишно експериментирање	1	15	39,93
6	Медиотека (компјутерска училна)	1	20	101,20
7	Сала за конференции и предвална	1	20	39,6
8	Библиотека со читална и компјутери	1	40	152,70
9	Лабораторија за експериментални вежби по квалитативна анализа	1	40	122,10

10	Лабораторија за експериментални вежби по физичка хемија	1	24	104,04
11	Лабораторија за експериментални вежби по квантитативна анализа	1	24	81,84
12	Лабораторија за експериментални вежби по органска хемија	1	24	81,84
13	Лабораторија за експериментални вежби по општа и неорганска хемија	1	24	87,58
14	Лабораторија за експериментални вежби по општа и неорганска хемија	1	16	62,42
15	Лабораторија за вежби по инструментална анализа	1	16	62,56
16	Припремни лаборатории за вежби	7	8	7 x 39,93= 279,51
17	Лабораторија за анализа на горива	1	16	81,96
18	Лабораторија за структурна карактеризација на материјали	1	4	19, 72
19	Лабораторија за наноматеријали	1	8	39,93
20	Лабораторија за теоретска хемија	1	4	19, 72
21	Лабораторија за атомска спектроскопија	1	8	39,93
22	Лабораторија за електрохемија	1	8	39,93
23	Лабораторија за хроматографски анализи	1	8	39,93
24	Лабораторија за раманска спектроскопија	1	8	39,93
25	Лабораторија за минералогија	1	8	39,93
26	Лабораторија за хемиска модификација на површини	1	8	39,93
27	Лабораторија за инфрацрвена спектроскопија	1	8	39,93
28	Лабораторија за неоргански синтези и изучување на материјали	1	8	39,93
29	Лабораторија за органски синтези	2	16	2 x 39,93 = 79,86
30	Лабораторија за биохемија	1	8	39,93
Вкупно:				**2214,56**

9. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма ХЕМИЈА, Природно-математички факултет / Институт за хемија

Табела 9.1 Список на опрема и наставни средства за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност

Ред. Бр.	Опрема и наставни средства	Вид	Намена	Број
	Капитална опрема			
1	Рендгенски дифрактометар за прашок	Rigaku Ultima IV, Japan	Научоистражувачка и наставна	1
2	FTIR спектрофотометар (за блиско и средно инфрацрвено подрачје) со неколку опции (трансмисија + рефлексија + ATR + ниско и високотемпературни ќелии)	PerkinElmer FTIR2000, USA+ Golden Gate diamond ATR to 200C, Specac, USA; Variable-temperature cell P/N 21525 from LNT to 200C (Graseby, Specac); Fixed angle specular reflecting accessory with a KRS-5 grid polarizer (PerkinElmer)	Научоистражувачка и наставна	1
3	Микроскоп темелен на атомски сили (AFM)	Shimatzu SPM 9600, Japan	Научноистражувачка	1
4	Микро-рамански спектрометар со 532 nm и 633 nm ласери	Horiba JobinYvon LabRamn	Научоистражувачка и наставна	1

		300 Infinity, Japan		
5	UV/Vis спектрофотометар	Carry 50, USA	Научоистражувачка и наставна	1
6	Атомски емисионен спектрометар со индуктивно спрегната плазма (ICP-AES)	715-ES, Varian, USA	Научоистражувачка и наставна	1
7	Zeeman-ов атомски апсорпционен спектрометар	SpectrAA 640Z, Varian, USA	Научоистражувачка и наставна	1
8	Атомски апсорпционен спектрометар	SpectrAA 55B, Varian, USA	Научоистражувачка и наставна	1
9	Атомски апсорпционен спектрометар	Solaar 2, Thermo Elemental, USA	Научоистражувачка и наставна	1
10	Микробранов систем за разложување на примероци	Mars, CEM, USA	Научоистражувачка и наставна	1
11	Течен хроматограф со UV-Vis детектор со низа од диоди опремен и со собирач на фракции (семипрепаративен)	HPLC-DAD-UV/Vis, Agilent, USA	Научоистражувачка и наставна	1
12	Течен хроматограф со два детектора (масен и UV-Vis)	HPLC/DAD/MS^n/UV-Vis, Agilent, USA	Научоистражувачка и наставна	1
13	Гасен хроматограф со масен детектор (единечен квадрупол)	GC/MS, Agilent, USA	Научоистражувачка и наставна	
14	Гасен хроматограф со два детектора: универзален (пламено-јонизациски) и специфичен (со зафаќање на електрони)	GC/FID/ECD, Agilent, USA	Научоистражувачка и наставна	1
15	Гасен хроматограф со масен детектор со анализатор од типот на време на прелетување	GC×GC–TOF/MS - Pegasus 4D, LECO, USA	Научоистражувачка и наставна	1
16	Потенциостат, галваностат	µAutolab III Eco Chemie, Utrecht, The Netherlands	Научоистражувачка и наставна	2
17	Мобилни микропотенциостати	PalmSens2, PalmSens Compact Electrochemical Interfaces, The Netherlands	Научноистражувачка, но особено наставна дејност	2
	Помала опрема			
	Пламенфотометар		Научоистражувачка и наставна	1
	Кондуктометар		Научоистражувачка и наставна	4
	Рефрактометар		Научоистражувачка и наставна	1
	Полариметар		Научоистражувачка и наставна	1
	pH-метар		Научоистражувачка и наставна	5
	Аналитичка вага		Научоистражувачка и наставна	5
	Печка за жарење		Научоистражувачка и наставна	3
	Сушара		Научоистражувачка и наставна	10
	Центрифуга		Научоистражувачка и наставна	2
	Апарат за добивање дестилирана вода		Научоистражувачка и наставна	1
	Стаклен инвентар		Научоистражувачка и наставна	

10. Информација за бројот на студентите (првпат запишани) на студиската програма во периодот од последната акредитација

Во табелата подолу е внесен вкупниот број на студенти запишани за прв пат во прва година на втор циклус на трите студиски програми: применета хемија, аналитичка биохемија и наставна хемија, за кои Институтот за хемија ја реаизираше наставата според акредитацијата од 2017 година.

Табела 10.1 Преглед на бројот на студентите запишани (првпат) на студиската програма во периодот на последната акредитација и бројот на студенти за кои се бара акредитација

Академска година		Број на студенти запишани во прва година
1.	2017/18	6
2.	2018/19	8
3.	2019/20	3
4.	2020/21	8
5.	2021/22	11
Вкупно запишани студенти		33
Бројот на студенти за кои е добиена акредитација		20+20+10 = 50
Бројот на студенти за кои се бара нова акредитација		30

11. Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература

За сите предмети од студиската програма е обезбедена комплетна задолжителна литература (учебници, практикуми и интерни скрипти), како и дополнителна препорачана литература која им е достапна на студентите во библиотеката, на интернет или директно од наставникот. Списокот на наслови како задолжителна и дополнителна литература е даден во описот на предметните програми во Прилог 3.

За проширување на своите знаења, студентите може да ја користат литературата од библиотеката на Институтот за хемија, која е најстара и најбогата хемиска библиотека во нашата држава. Располага со фонд од над 11000 книги и повеќе од 53000 броеви научни списанија, определен број сепарати, дипломски, магистерски и докторски работи. Неа ја користат наставниците, соработниците и студентите од Природно-математичкиот, но и од други факултети. Отворена е, исто така, и за сите други заинтересирани (во прв ред, за истражувачите од индустријата).

За пребарување литература во функција на совладување на содржините од наставните програми на студентите и за собирање информации од примарните и секундарните извори на знаење потреби за изработка на магистерската работа на студентите им стои на располагање компјутерски центар со можност за пребарување на интернет и различни бази на податоци до кои има пристап Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

12. Информација за веб-страница

Интернет страницата што овозможува слободен достапен до електронските информации за студиските групи на Природно-математичкиот факултет е www.pmf.ukim.edu.mk. Веб страницата која овозможува слободен достап до електронските информации за студиските групи на Институтот за хемија е: https://ih.pmf.ukim.edu.mk/.

13. Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата

Институтот за хемија постојано спроведува активности за одржување и подобрување на квалитетот на наставата, а континуирано ги следи препораките и современите трендови, како во Европа, така и во светот за подобрување на наставниот процес. Во рамките на Природно-математичкиот факултет, Институтот за хемија постојано спроведува активност за одржување и подобрување на квалитетот на наставата преку набавка на нагледни средства и лабораториска опрема за изведување на практичната и теоретската настава.

За квалитетот на студиите на Институтот за хемија е одговорен раководителот на Институтот за хемија, продеканот за настава и деканот на Природно-математичкиот факултет. За оваа студиска програма, Институтот за хемија назначува Раководител на втор циклус студии. Раководителот е во постојан контакт со студентите и е задолжен да им помогне во исполнување на сите формално-административни обврски во текот на студирањето, да им помогне во насочувањето на студиите во согласност со можностите и интересите на кандидатите, како и да организира реализација на мастер семинарот.

Сите предмети на вториот циклус студии се оценуваат со континуирана проверка на знаењето. Правилата и критериумите за оценување се наведени во предметната програма. Завршните испити се одржуваат во текот на три сесии согласно распоредот на испити на Институтот за хемија. Студентот кој во предвидените термини нема да го положи испитот од некој предмет, не може да го полага тој предмет дополнително, туку мора повторно да го запише во следната учебна година.

Институтот во текот на секој семестар организира анонимни анкети со помош на кои врши самоевалуација. Сознанијата од овие анкети овозможуваат подобрување на наставно-едукативниот процес.

Квалитетот на студиската програма ХЕМИЈА на Институтот за хемија ќе се обезбедува преку следењето и континуираната проверка на поставените цели и структурата на дадената студиска група, како и преку следење и контрола на работното оптеретување на студентите, преку постојано осовременување на наставата и континуирано прибирање на информации за квалитетот на наставата од работодавачите и организациите во кои се вработуваат нашите магистрирани студенти.

Институтот за хемија постојано ќе врши контрола на поставените цели на студискита програма, нејзина реализација, нивото на знаења и стручност на студентите по нивното завршување на студиите како и можноста за нивно вработување и понатамошно дообразување на третиот циклус студии, докоторски студии по хемија.

14. Резултати од изведената самоевалуација во согласност со Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуациските постапки на универзитетите донесено од Агенцијата за евалуација на високото образование во Република Македонија и од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија (Скопје -Битола, септември 2002).

Самоевалуацијата на Институтот се спроведува на секои три години. Последната самоевалуација е извршена врз база на податоците со кои располага факултетот и податоците од анонимните анкети на студентите во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2018. Извештајот од самоевалуацијата може да се најде на следната интернет страница: https://pmf.ukim.edu.mk/tabs/view/7a72de356ff9176d11c2782013eb6210. Во тек е подготовката на новиот Извештај за Самоевалуација.

Со цел да се одржува и контролира квалитетот на наставата и науката на ПМФ, формирана е Комисија за самоевалуација на ниво на целиот факултет, како и во рамките на соодветните Институти при ПМФ, која е задолжена за објективно оценување на квалитетот на наставниот процес и односот на наставниот кадар кон студентите. Квалитетот на студиите се контролира согласно Упатството за евалуација на УКИМ (април 2013) и спроведување на студентски анкети.

Евалуациониот процес на Универзитетот е спроведен во целосна соработка со единиците на УКИМ. За таа цел, за самоевалуацијата и за надворешната евалуација навреме беше информирана целокупната универзитетска заедница – наставниот кадар, административните служби и студентите. Како резултат на успешната и квалитетната подготовка, во периодот од 16 до 20 октомври 2017 година успешно заврши петтата надворешна евалуација од страна на експертски тим номиниран од Европската асоцијација на универзитети, во Брисел, во состав: Johanna Maria Liljeroos, Tampere, Finland, Borje Lennart Olausson, Asa, Sweden, Georg Schulz, Salzburg, Austria, Andree Sursock, N/A и Janis Vetra, Latvia. Повеќе на:

http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=155&glavno=1

15. Дали формалното образование и истражувачкото искуство на наставниците кореспондира со специфичноста на студиската програма, односно со профилот и квалификацијата на наставно-научниот кадар.

Табела 15.1. Збирен преглед на бројот на наставници по области ангажирани за изведување на студиската програма

Реден број	Научна област	Потесна научна, уметничка односно стручна област	Наставник по странски јазик	Предавачи	Виши предавачи	Асистент-докторанд	Доцент	Вонр. проф.	Редов. проф.	Научно звање – истражувач	Емеритус	Други	**Вкупно**
1.	Хемија (10700)	Физичка хемија (10701)						1	4				5
2.	Хемија (10700)	Аналитичка хемија (10702)						1	2				3
3.	Хемија (10700)	Неорганска хемија (10705)						1	5				6
4.	Хемија (10700)	Органска хемија (10706), Биохемија (10703)						1	2				3
5.	Физика								1				1
6.	Медицина								1				1
Вкупно								4	15				**19**

16. Усогласеност на структурата и содржината на циклусот на студиите со општите и специфичните дескриптори

Општи дескриптори		
Специфичен дескриптор	Опис	Предмети преку кои се обезбедува постигнување на особеностите означени со општите дескриптори
Знаење и разбирање	1. Покажува знаење и разбирање, кое се надоградува на знаењето од прв циклус студии, применувајќи го научниот метод за решавање на сложени проблеми од разни области во хемијата. 2. Ја разбира хемиската природа на проблемите што треба да се решат и ги разбира постапките кои треба да се применат за решавање на проблемите. 3. Знае да ги толкува резултатите добиени од истражувањата.	Сите предмети за стекнување генерички знаења.
Примена на знаењето и разбирањето	1. Стекнатото знаење и разбирање го применува во новонастанати ситуации во својата работа и во практиката. 2. Со стекнатото знаење и разбирање, способен е да го применува научниот метод за решавање на нови проблеми. 3. Способен е да осмисли истражување, критички да размислува и да носи заклучоци.	Сите предмети за стекнување генерички знаења.
Способност за проценка	1. Критички се однесува кон изворите на информации и литературата. 2. Покажува способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини за поставување на нови методи базирани врз научна основа. 3. Демонстрира способност за изведување заклучоци (или мислења) преку процес на набљудување и следење на процесите во хемиската лабораторија и индустрија, како и преку различни физичко-хемиски мерења.	Сите предмети за стекнување генерички знаења. Мастер семинар.
Комуникациски вештини	1. Покажува способност за ефективна комуникација со претпоставените и со колегите на работното место. Работи ефикасно како член на работниот колектив, се карактеризира со доверливост, ненаметливо однесување и критичко размислување. 2. Ги разбира и почитува културните разлики, покажува способност за адаптација кон лица со различно потекло и различни способности и начини (стилови) на комуникација, како и почит кон другите воопшто. 3. Иницира комуникација со колегите на работното место, бизнис-партнерите, ефективно управува со времето, покажува разбирање за однесувањето на другите и има вештини за слушање.	Сите предмети за стекнување генерички знаења. Меѓународна мобилност.
Вештини за учење	1. Демонстрира совладани вештини за учење – концентрација, читање, слушање, меморирање, следење на литература од примарни, секундарни, како и терциерни извори на информации. 2. Ефективно го планира и користи времето. 3. Демонстрира способност за критичко оценување на идеите, генерира свои идеи и ги проценува, ефикасно ги користи размислувањата за решавање како на секојдневните проблеми со кои се среќава на работното место, така и на проблемите кои произлегуваат од научноистражувачката работа.	Сите предмети за стекнување генерички знаења. Меѓународна мобилност.

Специфични дескриптори		
Специфичен дескриптор	Опис	Предмети преку кои се обезбедува постигнување на особеностите означени со општите дескриптори
Знаење и разбирање	1. Демонстрира знаење на хемиските принципи, хемиската терминологија, како и други знаења неопходни во секојдневната пракса во хемиските лаборатории, погони, како и истражувачките центри. 2. Владее со лабораториски вештини и умееља. 3. Покажува способност за развој на современи методи за хемиска анализа на различни супстанци. 4. Покажува способност за развој на нови методи за синтеза на различни супстанци. 5. Покажува способност за воведување и примена на стандардни хемиски и биохемиски методи и контола на квалитет во лаборатории за тестирање.	Предмети од студиската програма за стекнување напредни знаења. Мастер семинар.
Примена на знаењето и разбирањето	1. Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата. 2. Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми од областа на хемијата на животната средина, биоелектрохемијата, хемијата на храна, структурната хемија, молекулската спектроскопија, нанохемијата, квантната и теориската хемија, од областа на органската хемија и сродните дисциплини во хемиските лаборатории, како што се контролните и развојните лаборатории во индустријата, јавните институции како и лабораториите во академски и научноистражувачки институции и др.	Истражувачка работа под менторство. Мастер семинар. Изработка на магистерска работа. Меѓународна мобилност.
Способност за проценка	1. Демонстрира способност за изведување на заклучоци преку процес на набљудување и следење на процесите во хемиската лабораторија и индустрија, како и преку различни физичко-хемиски мерења. 2. Ја проценува целисходноста и применливоста на современите методи за хемиска анализа на различни супстанци според потребите. 3. Демонстрира способност за проценка на целисходноста и полезноста на различните методи за синтеза на одредени супстанци според потребите.	Мастер семинар. Изработка на магистерска работа.
Комуникациски вештини	1. Способност за тимска работа и за активна соработка внатре во групата, преку споделување одговорности и задачи. 2. Способност за комуникација со широката јавност, надлежните институции (министерства, јавни институции, истражувачки центри, образовни институции). 3. Способност за јасно и недвосмислено презентирање заклучоци, факти и резултати од истражувања, пред стручната јавност, како и способност за прилагодување на стилот и формата на изразување пред нестручната јавност. 4. Преземање значајна одговорност како за индивидуалните, така и за колективните резултати, иницирање и водење на активности.	Мастер семинар. Одбрана на магистерска работа.
Вештини за учење	1. Преземање иницијатива за идентификување на потребите за учење за понатамошно	Изработка на магистерска работа. Одбрана на магистерска работа.

	професионално унапредување, со висок степен на самостојност во одлучувањето. 2. Редовно следење на најновите европски/светски достигнувања во областите на директна примена на хемијата, но и во научните текови од обласа на хемијата, преку семинари, интензивни курсеви, конференции, обуки, тренинзи итн.	

17. Усогласеноста на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма

Имајќи ја предвид потребата од комплементарност на теоријата и експериментот, во рамките на студиската програма се предвидени мноштво на изборни предмети кои во себе вклучуваат теориски, експериментални како и спрега од теориски и експриментални содржини. Таквиот пристап е неопходен бидејќи спознанието на феномените е остварливо и полесно разбирливо преку експерименталната настава. Во рамките на материјално-техничките услови, Институтот за хемија про ПМФ располага со современа лабораториска опрема (наведена во овој елаборат) која целосно се става во функција за потребите на запишаните студенти. Вклучените наставници во реалцизацијата на студиската програма, освен тоа, имаат долгогодишна и распространета домашна и меѓународна соработка, така што доколку се увиди потреба од експериментирање на друга опрема, тоа ќе биде овозможено и во други центри, а впрочем тоа е планирано и со воведената меѓународна мобилност. Со тоа, се проширува можноста студентот да ги дозбогати знаењата и преку остварување на соработка со други факултети, Универзитети, индустриски центри, од земјата и странство. Во прилог на остварување на зацртаните цели и успешните експерименти одат и одличните просторни услови за што придонесуваат големиот број на опремени научни лаборатории на Институтот за хемија.

Методите на предавање речисти во сите предмети се проследени со извесни теориски, аудиториски и практични вежби што овозможува доближување и објаснување на потребната проблематика и предвиден материјал на целисходен начин. Во извесен број на предмети постои зацртан концепт на подготовка на семинарска работа поврзана со субјектот и проблемот поставен во планот на работа на докторатот што сигурно ќе помогне кон полесно и поефектно изодување на зацртаниот пат. Во рамките на предметите предложени се најрелеватните светски книги и учебници, преводи на дел од истите, научни списаниија, практикуми, прирачници, статии и што друго што е неопходно за услешно совладување на научниот метод и зацртаните цели.

18. Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции

Понудената студиска програма за втор циклус студии „Хемија“, во целост е усогласена со единствениот европски простор за високо образование. Тоа се огледува преку целта и задачите на истата преку која студентите ќе се стекнат со продлабочено и модерно образование со што ќе се создадат професионалци кои ќе бидат компетентни да работат во тесното подрајче од интерес како и во истражувањето. На тој начин, завршувањето на студиите ќе овозможи понатамошен нивен професионален развој и реализација на оригиналните идеи во практиката. Така, во рамките на европските современи соодветни програми, ова значи примена на фундаменталните принципи на хемиските поддисциплини и нивно ставање во функција на задоволување на постојите и идните човечки потреби. Освен тоа, завршените студенти во рамките на овие студии ќе бидат спремни да го продолжат напредокот во својата област со понатамошно едуцирање на докторски студии. Преку студиите се очекува студентите да се стекнат со напредни знаења, како теориски така и истражувачки, на ниво што ќе овозможи самодоверба при презентација на добиените резултати, но и знаење за пишување на трудови за објавување во рецензирани квалитетни научни списанија.

Студиската програма ХЕМИЈА се состои од задолжителен предмет кој ги воведува студентите во методологијата на научноистражувачката работа. Во сетот на задолжителни предмети се опфатени поглавја кои овозможуваат стекнување генерички знаења и вештини за следење на квалитетот во хемиска лабораторија согласно барањата на индустријата и стекнување напредни знаења за методите кои се користат при истражувањето од неорганска хемија, органска хемија, аналитичка хемија, физичка хемија и биохемија, сфатени во најширока, најсовремена и флексибилна смисла, како и поглавја од сродните дисциплини кои се неопходни како предзнаења за следење на потесно стручните содржини застапени на трет циклус студии, докоторски студии по хемија.

Споредливоста на Студиската програма ХЕМИЈА е направена со 3 околни високообразовни институции кои имаат квалитетно европско образование, а се од нашето блиско опкружување.

1) На Универзитетот во Белград, магистерските академски студии од областа на хемијата се едногодишни и имаат 60 ЕКТС кредити. Студентите запишани на студиската програма Хемија може да следат и реализираат настава по предмети кои ги покриваат областите: аналитичка хемија, неорганска хемија, органска хемија, применета хемија и хемија на животната средина. Предметите се групирани во три блока, а студентот може да избере по еден предмет од секој блок. Изборот на предметите и менторот се врши при уписот, а предметите не се условени. Сите предмети се едносеместрални, при што теоретско-методолошки се 30%, а стручно-апликативни предмети 70 %. Изборните предмети, како и магистерската работа која е задолжителна носат по 27 ЕКТС. Наставата како и кај нас се реализира преку работа со мали групи на студенти и индивидуална (менторска) работа, додека методите на работа се прилагодени на бројот на студенти (консултации, семинари и сл). Особено внимание се посветува на експерименталната работа која се одвива тимски во истражувачките лаборатории. Повеќе информации околу магистерските студии по хемија на Универзитетот во Белград на: http://chem.bg.ac.rs/studije/22-en.html

2) Магистерски академски студии со 60 ЕКТС кредити од област на хемијата нуди и Универзитетот во Нови Сад. Таму се предвидени 4 задолжителни предмети, 4 изборни предмети и магистерска работа. Независно од модулот, заеднички за сите е задолжителниот предмет Методологија на научноитражувачката работа. Дополнителна сличност постои во насловот и содржината на Изборните предмети кои носат 6 ЕКТС. Потесното профилирање на кадрите се врши со додавка кон звањето магистер по хемиски науки, а е наведено во додатокот на диплома. Повеќе информации околу магистерските студии по хемија на Универзитетот во Нови Сад на: https://www.pmf.uns.ac.rs/en/studies/study-programs/master-of-science-in-chemistry-1-year-60-ects/

3) Унивезитетот во Загреб организира магистерски студии поделени на две групи, истражувачки и наставно-образовни. По завршувањето на некоја од истражувачките насоки студентот се стекнува со звање магистер по хемија. Поради тригодишните додипломски студии (180 ЕКТС), моделот на вториот циклус студии е двегодишен со 120 ЕКТС. Предвидените предмети се вреднуваат со еднаков број на ЕКТС и нивните наслови и наставни содржини се совпаѓаат со предметите предложени за акредитација на студиската програма на втор циклус студии Хемија на нашиот Институт. Повеќе информации може да се најдат на: https://www.pmf.unizg.hr/chem/studiji/diplomski_studiji

Споредувајќи ги детално поглавјата опфатени во сетот задолжителни и изборни предмети на студиската програма Хемија, со соодветните наставни планови на претходно споменатите референтни Универзитети (достапни на соодветните веб страници), утврдивме висока компатибилност и сличност која е поголема од 90 %, сметано како количник од бројот на поглавја опфатени во нашата студиска програма и бројот на поглавја опфатен во референтната студиска програма изразен во проценти. Ова е сосем разбирливо, имајќи предвид дека основната препорачана литература по овие предмети во нашата институција се состои од најновите светски признати учебници од соодветните области.

ДОКУМЕНТИ

1. Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет/ Научниот совет

Примерок

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18), на член __ од Статутот на __________________, на Одлуката за именување членови на Комисија за подготвување елаборат за студиска програма __________________ (бр. ___ од ________ година) како и врз основа на поднесениот предлог-елаборат за акредитација на студиска програма од втор циклус на академски/стручни студии __________________од страна на Комисијата за подготвување на елаборатот, Наставно- научниот совет на Факултето/ Научниот совет на ______________, на седницата од _________ година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
за усвојување на студиска програма за втор циклус по ________________
____

Член 1

Се усвојува Елаборатот на студиската програма ___________________________________ од втор циклус на академски студии во рамките на Факултетот/Институтот__________________.

Член 2

Наставата од студиската програма _________________________________ ќе започне да се изведува по добивањето согласност од Одборот за акредитација на високото образовние и по добивањето согласност за исполнување на условите за почеток со работа на студиската програма од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование на Република Северна Македонија.

Член 3

Одлуката да се достави до Ректорската управа и до Универзитетскиот сенат на _________________________ заради усвојување на студиската програма _________________________.

Член 4

Составен дел на оваа Одлука е елаборатот на студиската програма _______________.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Скопје, --. --. 2020 Декан

Доставено до

- Архивата на _____________
- Ректорска управа/Универзитетскиот сенат _____________

2. Одлука за усвојување на студиската програма од Универзитетскиот сенат

Примерок

Врз основа на член 93 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/18), на член 246 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на предлог на Наставно-научниот совет/Научниот совет на Факултетот/Институтот_________________за усвојување на студиската програма од втор циклус на академски студии_____________________________бр.____ од ____2020, Универзитетскиот сенат на седницата одржана на --. --. 2020 година, ја донесе следната:

Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот**за втор циклус студии на студии по _________________________во рамките на Факултетот/Институтот_________________**

Член 1

